НОВА МАКЕДОНИЈА
ПРВИОТ МАКЕДОНСКИ ДНЕВЕН ВЕСНИК







# Горили, крави и жени

*Дневен весник (Ед. бр. 24099)*

## НАШ СТАВ

19.07.2017 15:00

160



Весна Дамчевска
vesna.d@novamakedonija.com.mk
Повеќе од овој автор

**Кога во почетокот на годинава фирентинскиот музеј „Уфици“ најави повторно разоткривање на жените-уметници низ историјата преку повеќе изложби го актуализиравме прашањето на родовата застапеност на македонската ликовна сцена. И само едно бегло прелистување на Годишната програма за култура за 2017 година покажа дека во моментов во постојаните колекции на домашните галерии и музеи доминираат дела на мажи, исто како и во реализирањето самостојни претставувања, иако од институциите велат дека активно работат на постигнување родов биланс**

Откако членките на феминистичкиот уметнички колектив „Герила грлс“ од Њујорк ги ставија своите маски на горили, укажувајќи на родовата и расната дискриминација во современата уметност, индискиот фотограф Суџатра Гош поставува ново прашање - дали во Индија кравите се поважни од жените. Имено, деновиве тој стекна светска популарност со својата зачудувачка серија фотографии на жени со маски од крави на главата, кои за брзо време ги преплавија социјалните мрежи, а ликовните критичари активно почнаа да ја анализираат улогата на маските во уметноста.

Уметничките акции како оние на „Герила грлс“, кои станаа познати по низата постери во 1980-тите години, меѓу кои најмногу се истакнува оној со прашањето дали жените треба да се голи за да влезат во музејот „Метрополитен“, и најновата серија фотографии на индискиот фотограф, се посветени на расветлување на проблемите на родовата и расната дискриминација во уметноста и воопшто во општеството. Дали таа сè уште постои е прашањето што многумина ќе си го постават, особено сега откако имаме наплив на т.н. женски изложби. Поставовки во кои учесници се жени или ,кои имаат особен нагласок на женственоста или женскоста бележат вистинска експанзија во последниов период, а жените учествуваат во уметничките движења и случувања еднакво со своите машки колеги.

Но веројатно така е само на прв поглед, затоа што податоците и фактите покажуваат нешто сосема друго.
Кога во почетокот на годинава фирентинскиот музеј „Уфици“ најави повторно разоткривање на жените-уметници низ историјата преку повеќе изложби го актуализиравме прашањето на родовата застапеност на македонската ликовна сцена. И само едно бегло прелистување на Годишната програма за култура за 2017 година покажа дека во моментов во постојаните колекции на домашните галерии и музеи доминираат дела на мажи, исто како и во реализирањето самостојни претставувања, иако од институциите велат дека активно работат на постигнување родов биланс.
Во последниве две децении кај нас се забележува значителен пораст на жените-уметници што ги изложуваат своите дела како кај нас така и во светот. Но судејќи според ликовната понуда, жените главно учествуваат во групните изложби, а помал дел од нив реализира самостојни претставувања. Така, на пример, Годишната програма за култура за 2017 година покажува дека жените се многу помалобројни во самостојните изложби, за разлика од нивните машки колеги, иако од музеите велат дека не се прави селекција во однос на родовата припадност и дека жените веќе го имаат освоено своето место на сцената.

На пример, според програмата, во Музејот на современата уметност годинава самостојно ќе изложува само една жена, тоа е изложбата „Жанета Вангели, архив 1987-2017“. Во Национална галерија на Македонија, пак, се подготвува ретроспектива на Евгенија Демниевска, а самостојна изложба ќе имаат и Шќипе Мехмети и Јасмина Цибиќ од Загреб. Во МКЦ нема ниедна „женска“ изложба, додека во КИЦ, од 11, само две се на жени-уметници, ќе видиме слики на Наташа Станковска-Зафировска и графики на Лидија Вујисиќ. И во другите музеи сликата не е поинаква. Во групните изложби секако нивната бројка е поголема.

Дека родовите прашања во уметноста сè уште се живи говорат и податоците дека покрај фирентинскиот музеј, и други големи музеи прават напори во оваа сфера. Изложба посветена на занемарените авторки, „старите дами“, беше отворена во „Гранд палас“ во Париз, а таа минатата година отпатува во њујоршки „Метрополитен“. Минатиот октомври, „Прадо“ во Мадрид ја отвори првата изложба на Клара Петерс, која сè уште трае. Факт е дека патријархатот го оневозможуваше пристапот на жената до симболичкото или, кажано со едноставни зборови, ѝ го одземаше правото да се самодефинира. Уметноста е еден од начините каде што се врши таквата идентификација, па кога зборуваме за минатото, жените-уметници или биле заборавани од историјата како творци на дела без уметничка вредност или обесхрабрени од ставот кон нив и нивното дело, тие и не се обидувале да творат.

Големиот број изложби на жени денес можеби донекаде ја намалува бинарноста на родовата ситуација на Балканот и тие се повеќе од нужни во момент кога некои политички партии и црквата одново потпалуваат клади со прашањата за абортусот, наталитетот и хетеронормативните семејни вредности.

Оттука, триесетина години откако уметничката група „Герила грлс“ првпат го постави прашањето дали жените мораат да бидат голи за да влезат во музејот „Метрополитен“, текот на настаните во општеството го направи своето и работите сепак некако се придвижија. Сега не би требало да се очекува со тој еден потег (или со големиот број подоцнежни) да се реши целото методолошко клопче на историјата на уметноста, но тоа што од неа би требало да се очекува е да покаже, дека барем во 20 и 21 век жените во создавањето на уметноста квалитативно учествувале еднакво како и мажите.  Секако, треба да започне и тренд на преиспитување на застапеноста на жените во музејските институции и на уметничкиот пазар. Не во смисла на вртоглави парични суми потрошени за откупување на нивните уметнички дела, туку во смисла на фер вреднување, како сериозен тренд, а не само како некој сезонски задолжителен бидејќи светот на уметноста и тоа како е подложен на модата. Во тој контекст полн погодок е секоја изложба што покажува дека жените за да влезат во музеј можат да бидат голи (и измачкани со менструална крв!) но и дека не мора.

---

**КЛУЧНИ ЗБОРОВИ**

Весна Дамчевска | наш став | колумна

**КОМЕНТАРИ**

Име:

Е-пошта:

Наслов на коментарот:

☐ Објави анонимно

(Кога ќе биде објавен коментарот, нема да биде прикажано името)